Врз основа на член 91, став 3 од Законот за животната средина („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) изготвен е

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА**

**ЗА**

**СТУДИЈА ЗА ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ПРОЕКТОТ: „ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ИСТОЧЕН И СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН“**

Јавната расправа се одржа на ден 09 јуни 2017 (петок) во Сала на советот на општина Кочени со почеток од 11:30 часот. Од Министерството за животна средина и просторно планирање беа присутни г-ѓа Дејана Тодоровска, г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска, г-ѓа Даниела Спасова и г-н Владо Атанасовски. Од страна на изготвувачот на студијата за оцена на влијанијата врз животната средина беа присутни г-ѓа Фана Христовска, г-ѓа Анета Китевска и г-ца Кристина Петровска.

Расправата ја водеше г-ѓа Дејана Тодоровска со следниот дневен ред:

- Претставување на причината за одржување на јавната расправа и дотогаш реализирани чекори во ОВЖС постапката;
- Претставување на учесниците;
- Презентација на Студијата за оценка на влијанија врз животната средина
- Дискусија по однос на Студијата за ОВЖС;
- Затварање на јавната расправа.

Откако г-ѓа Дејана Тодоровска ја објасни потребата од одржување на оваа јавна расправа како и потребата од спроведување на ваквата активност и ги претстави сите учесници, збор и даде на г-ца Кристина Петровска експерт за оцена на влијанијата врз животната средина. г-ца Кристина Петровска ја презентираше Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина од спроведување на проектот: Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен регион.

Презентацијата започна со опис на процедурата за оцена на влијание врз животната средина и содржината на самата студија. Беше објаснет процесот на имплементација односно воспоставување на интегриран систем за управување со отпад во Источен и Североисточен регион. Врз основа на самиот процес се даде преглед на можните алтернативи од аспект на соодветно избрана локација и технологија, влијанијата од емисиите врз животната средина како резултат од изградбата, оперативноста и пост-оперативноста на системот, идентифкуваните мерки за надминување, минимизирање и/или ублажување на влијанијата од спроведувањето на проектот и мониторингот во сите фази.

По завршување на презентацијата, г-ѓа Дејана Тодоровска ја отвори дискусијата за предметната Студија.

**<u>Коментар:</u> Градоначалник на општина Кочани г-н Ратко Димитровски:** Сметам дека предложената локација за ЛПУО Кочани која е предвидено да биде на местото Истибања, територијално не припаѓа на општина Кочани туку на општина Виница. Да се провери микролокацијата, со цел во иднина да нема проблеми околу издавањето на документите кои ќе следат во наредните фази.

**<u>Одговор:</u> Кристина Петровска (Експерт за ОВЖС):** Проектниот тим ќе ја провери катастарската парцела на предложената локација со цел да се утврди точната припадност на локацијата.

**<u>Прашање: Владо Филипов, општина Кочани: Што се планира да се прави со другите типови на отпад како што се отпадот од електрична и електронска опрема и отпадните батерии и медицинскиот отпад?</u>**

**<u>Одговор:</u> Фана Христовска (Експерт за ОВЖС):** Во секоја ЛПУО ќе има собирен центар каде што граѓаните ќе можат да го оставаат овој тип на отпад. Овој отпад не смее да се меша со комуналниот отпад. Во однос на медицинскиот  отпад тој не е дел од комуналниот отпад а со тоа и од проектот, истиот се решава на државно ниво.

**<u>Коментар:</u> Владо Филипов** Често забележуваме дека на депонијата во Штип се носи медицински отпад.

**<u>Одговор:</u> г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Мешањето на медицинскиот отпад со комуналниот отпад не смее да се прави. Надлежните инспектори треба да реагираат. Медицинскиот отпад го собираат фирми со соодветна дозвола и истиот се гори на депонија Дрисла.

**<u>Прашање: Влатко Панов, општина Штип:  Што ќе се прави со конфекцискиот отпад/текстилот?</u>**

**<u>Одговор:</u> г-ѓа Ана Каранфилова Мазневска (МЖСПП):** Моментално во Македонија има фирма рециклатор која се наоѓа во Прилеп. Но моментално тие се соочуваат со проблеми соцарина. Тој отпад е лесно запалив и брзо гори и не треба да завршува на депонија. Исто така во источниот регион има фирма која е заинтересирана за рециклирање на текстил. Се надевам дека проблемот со царина ќе се надмине за да се реши прашањето со текстилниот отпад.

По завршената дискусија, г-ѓа Дејана Тодоровска им се заблагодари на сите присутни и ја затвори јавната расправа 13:00 часот.

This project is funded by the European Union

Preparation of project studies (FSs, EIAs, CBAs), design and tender documentation for establishing an integrated and financially self sustainable waste management system in the east and northeast regions

EU for YOU!

**Листа на учесници**

Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Подготовка на проектни студии (ФС, ОВЖС, КБА), дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски само-одржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион, EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 9 јуни 2017 година (петок), Сала на совет, Општина Кочани

| Name and surname<br>Име и презиме | Institution<br>Институтиција | Telephone<br>Телефон | E-mail<br>Е-маил | Signature<br>Потпис |
|---|---|---|---|---|
| Лепа Георгиевска | Општина Кочани | 070/250-694 | lgeorgievska@kocani.gov.mk | |
| Владо Филипов | Општина Кочани | 072/306-099 | vlado_filipov@kocani.gov.mk | |
| Влатко Попов | Општина Штип | 070/210-470 | vlatko.popov@hotmail.com | |
| Владо Атанасовски | МЖСПП | 075 240 973 | v.atanasovski@moepp.gov.mk | |
| Ристо Николовски | Општина Кочани | 072/275-640 | rnikovski@kocani.gov | |
| Александар Велков | Општина Кочани | 076/397-053 | velkov_aleksandar@kocani.gov.mk | |
| Мирче Пауков | КЈП „Водовод" Кочани | 071/215 235 | mircepaunov@yahoo.com | |
| Ѓорѓи Алексов | Член на Совет на Општина Кочани | 070/782 522 | gosva.aleksov@gmail.com | |
| Лилјана Арсова | Член на Совет на Општина Кочани | 070/273 333 | lilearsova@yahoo.com | |
| Љубинка Ајтовска | ПР Опш. Кочани | 072/30-60-81 | ajtovska@mail.com | |
| Благој Антов | ТВ Канал 8 | 078 315 652 | | |

This project is funded by the European Union

Preparation of project studies (FSs, EIAs, CBAs), design and tender documentation for establishing an integrated and financially self sustainable waste management system in the east and northeast regions

EU for YOU!

**Листа на учесници**

Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Подготовка на проектни студии (ФС, ОВЖС, КБА), дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски само-одржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион, EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 9 јуни 2017 година (петок), Сала на совет, Општина Кочани

| Name and surname<br>Име и презиме | Institution<br>Институтиција | Telephone<br>Телефон | E-mail<br>Е-маил | Signature<br>Потпис |
|---|---|---|---|---|
| Зорчев Манчев | ТВ канал 8 | 078-714-286 | sekig3@yahoo.com | [signature] |
| Петар Апостолов | Општина Кочани | 072 275 601 | papostolov@kocani.gov.mk | [signature] |
| Анета Китевска | лок. консулт. Ептиса | 078 344 904 | akitevska@yahoo.com | [signature] |
| Фанка Христовска | лок. консулт. Ептиса | 071240808 | fhristovska@yahoo.com | [signature] |
| GRAHAM BYRNE | NICO | 070 976 163 | grahambyrne63@gmail.com | [signature] |
| Ана Каранфилова | М. МЖСПП | 075 554 489 | Akaranfilova@moepp.gov.mk | [signature] |
| Ратко Димитров | општина Кочани | 070 206 080 | [illegible]@kocani.gov.mk | [signature] |
| Даниела Спасова | МЖСПП/ЛПА | 078 541 616 | dspasova80@yahoo.[illegible] | [signature] |
| Дејан Тодоровски | МЖСПП | 075 455-428 | d.todorovski@moepp.gov.mk | [signature] |
| Кристина Петровска | лок. конса. Ептиса | 078 413-350 | kristinapetrovska12@gmail.com | [signature] |
| | | | | |